# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ОПШТИНА БИТОЛА

2023-2026

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

Младински Културен Центар - Битола

СЕГА

www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО

forumi i gruas
женски форум
women's forum

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ОПШТИНА БИТОЛА 2023-2026

„Оваа публикација е дел од проектот „Време е за волонтирање“, кој е финансиран од програмата за грантови на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Коалиција на младински организации СЕГА. За содржината на оваа публикација целосно е одговорен Младински културен центар - Битола и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија“

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| ЛС | Локална самоуправа |
| ЛСВ | Локален совет за волонтерство |
| МКЦ - Битола | Младински културен центар - Битола |
| Министерство за образование | МОН |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УСАИД | Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој |
| SWOT анализа | Анализа на силни и слаби страни, можности и закани |

## СОДРЖИНА


1. Вовед ... 4
1.1. Принципи и вредности на стратегијата ... 6
- Принципи на стратегијата ... 6
- Вредности на стратегијата ... 8
1.2. SWOT Анализа ... 9
2. Цели на стратегијата ... 9
- Општа цел на стратегијата ... 9
- Специфични цели на стратегијата ... 10
3. Методологија ... 14
3.1. Општина Битола – анализа на состојбата ... 15
- Резултати од анкетен прашалник ... 15
4. Целна група и опфат ... 18
5. Временска рамка ... 20
6. Спроведување, следење и ревизија ... 20
Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола (2023-2026) ... 21

# 1. ВОВЕД

Здраво општество е она во кое им се придава важност на формалните и неформалните односи кои ја олеснуваат интеракцијата и ангажирањето во заедницата и на тој начин предизвикуваат чувство на припадност. Државите со овие карактеристики подобро се движат напред кон исполнување на заедничките аспирации. Волонтерството е основен израз на меѓучовечките односи. Станува збор за потребата на луѓето да учествуваат во развојот на нивните општества и да чувствуваат дека се важни за другите. Суштински, социјалните односи во волонтерската работа се клучни за поврзување на поединецот и заедницата.

Луѓето низ светот се ангажираат во спроведување на волонтерски активности од многу различни причини. Некои од нив може да бидат: да помогнат да се елиминира сиромаштијата и да се подобри здравствениот систем и образование, да се решат проблемите со животната средина, да се намали ризикот од катастрофи или да се борат против кршење на човекови права, социјалната исклученост и насилните конфликти. Во сите овие полиња, волонтерството дава специфичен придонес преку генерирање на благосостојба за луѓето и нивните заедници.

Повикувајќи се на релевантните теоретски и емпириски литератури, како и на спроведените истражувања за генералната перцепција за волонтерството, преку оваа стратегија ќе ги идентификуваме карактеристиките на партиципативната демократија кои треба всушност да ги претставуваат факторите кои ќе ги мотивираат волонтерите. Конкретно, самиот документ ќе ги прикаже начините на јакнење на волонтерството и градење на чувство на вклученост во заедницата фокусирано на одредени прашања. Исто така, на некој начин ќе бидат доловени и барањата за општествено корисна работа и други пристапи кои ги нагласуваат самоориентираните придобивки што волонтерите можат да ги добијат.

Во Република Северна Македонија (РСМ), волонтерството интензивно се промовира последните две децении. Истото е дефинирано со Закон за волонтерство, донесен во 2007 година. Со овој закон се уредува волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерство и евиденцијата на волонтерската работа.[1] Заедно со Законот се донесени и изменувањата и подзаконските акти со кои се доуредуваат правата.[2]

---

[1] Закон за волонтерство „Сл. Весник на РМ, бр.85/2007, 161/2008 и 147/2015 <C7E0EAEEED20E7E020E2EEEBEEEDF2E5F0F1F2E2EEF2EE203135203131203230313 7> (mtsp.gov.mk)

[2] Закон за изменување на Законот за волонтерство – Бр. 08- 3485/1 12 јуни 2019 година Zakon-za-izmenuvane-18-06-2019.pdf (pravdiko.mk)

Законот за волонтерство го дефинира истото како доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок. Волонтерот всушност е физичко лице кое ги врши тие активности на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка. Во Законот, исто така е регулирано и дефинирано и кој може да организира волонтерска работа. Па така, како организатори можат да се јават: здружение на граѓани или фондација, верска заедница или религиозна група, орган на државна власт и единици на локална самоуправа.

Гледано од друга страна, имајќи предвид дека согласно овој Закон, локалните заедници се стимулираат да ги вреднуваат и наградуваат волонтерите, општина Битола, активно се вклучува во имплементацијата на регулативата од областа на волонтерството на локално ниво преку креирање на нов документ за јавна политика – Стратегија за развој на волонтерството во општина Битола 2023–2026. Исто така, важно е да се напомене дека оваа стратегија претставува „продолжение", односно нов модел на претходната за развој на волонтерството во Општина Битола 2015 – 2018.[3] Процесот на изработка на локалната стратегија го води Локалниот совет за волонтерство Битола (ЛСВ Битола), менториран од МКЦ-Битола, преку проектот „Време е за волонтирање" кој е финансиран од Делегација на Европската Унија. Истиот е дел од програмата за грантова шема „Младинско учество за силен развој на заедницата", која ја спроведуваат Коалиција на младински организации СЕГА и партнерите СОС детско село, Волонтерски центар Скопје и Женски форум Тетово. Како базичен модел при процесот на креирање на Стратегија за развој на волонтерството во општина Битола 2023–2026 е земена Националната стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025)[4] и Планот за спроведување (Акцискиот план).

Важни насоки за изработка на локалната стратегија за волонтерство на општина Битола дава и Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор (2019–2022)[5], која пак дава придонес кон достигнувањето на специфичната цел на оваа стратегија „Поттикнување на граѓански активизам, волонтерство и општествена одговорност" преку „изработка на локална стратегија на волонтерство". При процесот на креирање на овој стратешки документ се одредија приоритетните области на интервенција, се разви основен концепт за подготовка и план за работа, се дефинираа вредностите, целите, стратешката рамка, општите мерки т.е. активности по стратешка цел, целиот акциски план и се идентификуваа клучните засегнати страни за реализација.

---

[3] Стратегија за развој на волонтерството во општина Битола 2015–2018
https://mkcbt.org.mk/mkc/wp-content/uploads/2015/03/Bitola%20strategija%20za%20volonterstvo.pdf

[4] Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025) и План за спроведување (Акциски план), Министерство за труд и социјална политика
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Volonterstvo_2021_2025.pdf

[5] Стратегија за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој 2019–2022
http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2019/02/Strategija-za-sorabotka-na-opstina-Bitola-so-GO-19.pdf

## 1.1. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

### ПРИНЦИПИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Волонтирањето дава можност за промена на животот на луѓето на подобро, вклучувајќи го и оној на волонтерите секако. Волонтирањето е начин на враќање на она што го должиме кон заедницата. Тоа се заснова на неколку принципи и тоа:

¬ **доброволност;**

Доброволност е всушност првиот принцип на кој се темели волонтерството. Под самата дефиниција волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења, вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и институции, без надомест. Во најширока смисла на зборот тоа значи доброволно да придонесеш за заедницата и општеството воопшто. Меѓутоа, принципот доброволност не се однесува само на волонтерите, туку значи и постоење на добра волја од страна на институциите кои ангажираат волонтери, како и организациите кои управуваат со цели волонтерски процеси.

¬ **еднакви можности;**

Со промовирање на овој принцип, се создава инклузивна и отворена волонтерска средина. Начелото на еднакви можности повикува на прифаќање на сите активни чинители во процесот без постоење на предрасуди и стереотипи. Еднаквоста не значи „програмирано однесување“ со секого на ист начин, туку однесување кое претпочита праведност, а притоа им се овозможува еднаков пристап до можностите и ресурсите на сите волонтери. Овој принцип воедно промовира и отворена соработка со разни засегнати страни, граѓански организации, разни институции и волонтери водени од јавниот интерес за задоволување на потребите на граѓаните и подобрување на условите за живот во заедницата.

¬ **соработка и партнерство;**

Соработката и партнерството помеѓу чинителите во процесот се многу важни за вложување во средината, во јавните институции, како и во градење на одговорни граѓани во заедницата. Овој принцип доаѓа како резултат на свесноста на секоја од страните за својата улога во процесот, како и за улогата на сите други засегнати страни. Градењето на соработка и партнерски однос значи вклученост во волонтерството и јасно поставени цели кои се остварливи преку заеднички придонес.

¬ **активно учество на сите засегнати страни;**

Волонтерството честопати е всушност првиот чекор кон активно учество и може да помогне во зајакнување на развојот на заедницата. Ако се земе предвид дека засегнатите страни се меѓусебно зависни, тогаш е повеќе од

очигледно дека без активна вклученост од сите страни не е можно градење на успеси. Потребно е државата како механизам да воспостави функционален систем кој ќе работи на програми за стимулирање на оние кои нудат волонтерска работа. Од друга страна, јавните институции треба да се отворат кон јавноста со акцент на младите и нудење на можности за волонтирање, додека пак, организациите кои го претставуваат граѓанскиот сектор треба да дејствуваат во насока на обезбедување поддршка на јавните институции преку градење на партнерства и соработки. Соодветно на ова, не смее да се занемари и мотивацијата која треба да е водечки фактор за проактивни волонтери чии потреби излегуваат од рамките на личната корист во интерес на општата добробит.

¬ **одговорност;**

Сите вклучени чинители, и оние кои нудат програми за волонтерство од една страна, и потенцијалните волонтери од друга страна, треба да покажат одговорен однос кон работата и навремено завршување на процесите или задачите. Да си дел од тимот, значи да се согласуваш и да ги почитуваш правилата на заедницата, бидејќи крајна цел на секоја волонтерска активност е постигнување на видливи подобрувања кои придонесуваат кон севкупната добробит на општеството.

¬ **солидарност;**

Начело на солидарност, промоција и заштита на човековите права ја доловуваат социјалната нишка на волонтерството. Со волонтирањето се презема одговорност и се искажува солидарност спрема сите членови на општеството, без намера за стекнување на лична материјална корист. Организаторите на волонтирањето и волонтерите во работата со корисниците ги почитуваат највисоките меѓународни и домашни стандарди во областа на промоцијата и заштитата на човековите права кои произлегуваат од уважувањето на различноста и личниот интегритет на секој поединец.

¬ **заштита на животната средина и одржлив развој;**

Овој принцип се однесува на развој кој е социјално одговорен и правичен, прифатлив за животната средина и кој се потпира врз основните постулати на граѓанското општество. Волонтирањето се врши во склад со меѓународните и домашните стандарди во оваа сфера.

¬ **отвореност и транспарентност;**

Отвореноста и транспарентноста се тесно поврзани со препознавањето и вреднувањето на концептот на волонтерство. Меѓусекторска соработка, учество на настани за промоција на волонтерството, споделувања на информации и искуства, правење на анализи за резултатите од волонтерски ангажмани и користа од нив, достапност на волонтерски позиции и сл., се

само дел од информациите кои треба да се споделуваат, а кои се поврзани со волонтерството. Многу е важно да се одржуваат отворени и транспарентни односи со сите засегнати страни, бидејќи само така се постигнува создавање на безбедна волонтерска средина заснована на воспоставени стандарди на работа.

## - Вредности на стратегијата

Имајќи предвид дека волонтерството се заснова на претходно споменатите принципи, дејствување во корист на други лица и делување без финансиски надомест, Стратегијата за волонтерство во општина Битола цели да ги оствари следните вредности:

- признавање на традиционалната хуманост и солидарност искажана преку досегашниот ангажман на младите и граѓаните на општина Битола;
- поттикнување кон создавање здраво општество на свесни и совесни млади граѓани;
- промовирање на соработката и чувството на општо добро кај сите општествени групи;
- поттикнување на граѓаните за волонтерско ангажирање;
- негување на културата на волонтерски ангажман;
- развивање на мерки за стимулирање и поддршка на волонтерството кај граѓанските организации, јавни институции, државна и локална власт, образовани установи.

Признавањето на традиционалната хуманост и солидарност искажана преку досегашниот ангажман на младите и граѓаните на општина Битола уште повеќе ја нагласува важноста од здружување и потребата од грижа еден за друг. Преку валидизирање на тие позитивни вредности содржани во волонтерските активности кои досега се превземени навистина може да се влијае за активно вклучување и подобрување на светот во кој живееме. Досегашните волонтерски активности треба да бидат мотивација за вложување на време и талент во подобрување на светот во кој живееме.
За остварување на овие вредности, Општина Битола мора да ја унапреди соработката со граѓанските организации, но и со сите други засегнати страни, односно, јавни институции, државна и локална власт, образованите установи. Особено важно е да се зајакне секторската и меѓу-секторската соработка, како и да се развива база на понуда и побарувачка на волонтери.

## 1.2. SWOT АНАЛИЗА

За потребите на Стратегијата 2023-2026, беше направена SWOT анализа на потенцијалите за дејствување на општина Битола во насока на постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството на локално ниво. Истата е фокусирана на анализа на силните и слабите страни во овој сегмент, можностите, односно неискористениот потенцијал, како и заканите кои можат да ги доведат во прашање обидите за практикувањето на волонтерството.

SWOT анализата беше креирана од работната група формирана за потребите за подготовка на Стратегијата, составена од членовите на Локалниот совет за волонтерство Битола и советници во Совет на Општина Битола, а водена од надворешен експерт.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Постоење на Локалниот волонтерски совет (обезбедени средства од општина Битола за Локалниот волонтерски совет, доделување на волонтерски акции); | Недостаток на информации за волонтирање |
| Активни граѓански организации кои работат со волонтери; | Немотивирани и незаинтересирани млади |
| Бизнис сектор кој е свесен за важноста на волонтерите (Ротари и Лајанс Клубови) | Злоупотреба на волонтери |
| Постоење на Национална стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025) | Недоволна вклученост на помалите етнички заедници |
| Постоење на Закон за волонтерство | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Подобрување на законската рамка (волонтерската работа да се смета како стаж/искуство при вработување) | Социо-економската состојба на младите |
| Волонтерска книшка/сертификат | Иселување на младите од РСМ |
| Соработка со други општини | |
| Организирање на вон-наставни волонтерски активности | |
| Донатори | |

## 2. ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

### ОПШТА ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА

Целите на една Стратегија секогаш се засноваат на претходно направената SWOT анализата.

**Општа цел** на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството во општина Битола:

- Постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството во општина Битола. За остварување на оваа цел општина Битола ќе се залага за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор, јавните и образовните институции, локалните бизниси, медиумите и сл. Волонтерството во државата генерално не е на задоволително ниво. Со оглед на состојбата како таква, неопходна е промоција на волонтерството помеѓу младата популација на локално ниво, особено кога капацитетот на младите луѓе да придонесат за општеството на значаен начин е недоволно искористен. Општина Битола ќе се бори за развој на волонтерството преку институционален пристап, односно ќе работи на унапредување на поддршката на програмите за стимулирање на понудувачите и побарувачите на волонтерска работа на пазарот. С со цел тие волонтерски програми да се имплементираат на начин кој ќе донесе најголема корист за заедницата и самите волонтери, Општина Битола ќе настојува волонтерските политики и практики на институциите, на приватниот сектор и на граѓанските организации да бидат овозможени и достапни. Подобрувањето на секторската и меѓу-секторската соработка ќе влијае позитивно врз промоцијата на волонтерството меѓу младите луѓе.

Креираната локална стратегија за волонтерство ќе им биде од корист на локалните власти како основа во напорите за социјален и економски развој на општеството. Од друга страна, вреднувањето на волонтерството како општествен, индивидуален и колективен феномен ќе придонесе за поуспешно решавање на проблемите во заедницата, подобро социјално вклучување на маргинализираните групи, оддавање на јавно признание за волонтерската работа. На овој начин дополнително ќе се влијае и врз зајакнување на националните и регионалните капацитети, вклучително и на политичките и законодавните рамки.

## - СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

По поставување на општата цел, последователно мора да се формулираат и специфичните, односно конкретните цели.

Специфичните цели кои се разработени во овој документ се внимателно ивременски одредени, мерливи, остварливи, реалистични и релевантни.

Специфичните цели на Стратегијата произлегуваат од заложбите на Општина Битола за унапредување на волонтерството кое има традиција на негување на волјата на поединците за да го вложуваат своето слободно време, труд, знаење и работа без паричен надоместок за добробит на друг поединец, група, заедница или животната средина. Имајќи го ова предвид, Општина Битола ќе продолжи да создава чувство на одговорност кон заедницата и постојано да укажува и да потврдува важноста на вредностите, како што се солидарноста, грижа, заедништво, почит и сл.

Во таа насока, Стратегијата е сосредочена на следните конкретни цели:

**СЦ1:** Промоција на волонтерството во општина Битола;

**СЦ2:** Поттикнување на волонтирањето на локално ниво;

**СЦ3:** Поддршка на волонтерството во образовниот систем;

**СЦ4:** Унапредување на системот за институционална поддршка на волонтерството.

## **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1:** Промовирање на волонтерството во општина Битола

Факт е дека кај јавноста сѐ уште постои генерален недостиг од свест за придобивките од волонтирањето, како и одржлива инфраструктура за негова поддршка. Промовирањето на волонтерството во општина Битола пред пошироката јавност всушност значи зголемување на видливоста на волонтерите и позитивните волонтерски практики за понатамошно унапредување и развој на волонтерството што е и основната цел на оваа Стратегија. Зголемувањето на присуството на информации за вредностите на волонтерската работа преку медиумскиот простор, а воедно и зголемувањето на видливоста на резултатите од волонтерскиот ангажман ќе придонесат за негово признавање. Само на тој начин ќе се намалат бариерите за волонтирање кои во моментот влијаат врз одредени поединци во општеството и ќе се овозможи поголем волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на маргинализираните групи. Остварувањето на оваа конкретна цел е предвидено со вклучување на Општина Битола кон реализацијата на следните резултати:

- поддршка на разни целни групи при реализации на кампањи за промоција на волонтерството и волонтерските активности;
- вклучување на локалните образовни институции и бизниси на ниво на општина Битола во поддршка на кампањите за промоција;
- воспоставување на функционална комуникација со локалните и националните медиуми за информирање на јавноста;
- поддршка и споделување на активности на граѓанските организации за промоција на волонтерството преку официјалната веб страна на општината и социјалните медиуми;

- промоција и одбележување на меѓународниот ден на волонтерството / поширока промоција на јавното оддавање почит и признание на поединци/институции/организации/компании за особен придонес од областа на волонтерството.

**СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 2:** Поттикнување на волонтирањето на локално ниво;

Во општина Битола постои пракса на волонтирање. За истата да се задржи како таква и да се зголеми нејзиниот позитивен ефект, мора континуирано да се негува културата на волонтирањето. Волонтерскиот ангажман им дава можности на младите да се развијат, да подобрат определени вештини и способности, да се здобијат со самодоверба, хуманост и солидарност. Зголемувањето на нивото на волонтирање во локалната заедница подразбира зголемување на капацитетите на организаторите на волонтерска работа да развиваат волонтерски програми и да работат со волонтери за да придонесат кон заедничко добро. Ваквиот пристап дава позитивен резултат кој обично е двостран, односно волонтерите го зголемуваат обемот, капацитетите и влијанието на организаторите на волонтерските организации, додека тие пак им овозможуваат на волонтерите да се ангажираат во општествени активности и да ги збогатуваат своите способности.

Остварувањето на оваа конкретна цел е предвидено со вклучување на Општина Битола кон реализацијата на следните резултати:

- развивање на континуитет во организирање на волонтерски активности во соработка со граѓански институции;
- промоција на корпоративно волонтирање и поттикнување на достапност и размена на информации за можностите за волонтирање во локалните бизниси.

**СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 3:** Поддршка на волонтерството во образовниот систем;

За да се унапреди поддршката на волонтерството во образовниот систем потребна е голема информираност во делот на општествена одговорност и можностите за промоција во образовните институции. Навистина е важно да се посвети посебно внимание на средношколците и студентите, како младинска група која според статистиките пројавува најголем интерес за волонтерски ангажман. Дополнително доколку истите се вклучат и се активираат волонтерски, голема е веројатноста дека ќе го практикуваат волонтерството и во подоцнежните фази од животот. Поконкретно, поради комплексноста на образовните програми, не е секогаш толку едноставно

младите да се вклучат во програми на други организатори на волонтерска работа. Но, затоа од друга страна поддршка на граѓанските организации за имплементирање на волонтерски програми во училиштата и факултетите ги зголемува можностите за континуиран развој на волонтерството во образовниот систем.

Остварувањето на оваа конкретна цел е предвидено со вклучување на општина Битола кон реализацијата на следните резултати:

- спроведување на едукативни програми за предностите на волонтерството во училиштата и едукација на младите за законската рамка;
- стимулирање на волонтирањето кај младите преку воведување на волонтерски клубови во училиштата и факултетите;
- поддршка на граѓанските организации за имплементирање на волонтерски програми во училиштата и факултетите;
- јакнење на капацитетите на образовниот кадар за волонтерски менаџмент.

**СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 4:** Унапредување на системот за институционална поддршка на волонтерството.

Општина Битола веќе има формирано Локален совет за волонтерство (ЛСВ) кој претставува своевиден институционален механизам за младинско учество во работата на локалната самоуправа во однос на волонтерството. Ова меѓусекторко тело е одговорно за имплементација и следење на Стратегијата за развој на волонтерството на општина Битола и промоција на волонтерските политики и програми на локално ниво.

Остварувањето на оваа конкретна цел е предвидено со вклучување на Општина Битола кон реализацијата на следните резултати:

- информирање за видот, услугите, активните програми и мерки кои се дел од работата на ЛСВ за доближување на волонтерството до граѓаните;
- поттикнување на институциите под општинско ниво да се вклучат во обуки за спроведување на Стратегијата;
- спроведување на редовни волонтерски отворени денови или е-платформи на кои заинтересираните засегнати страни ќе може да споделуваат свои идеи и иницијативи за подобра локална заедница;
- обезбедување на промоција на волонтерството, негова популаризација кај граѓаните и обезбедување на материјална и финансиска помош за функционирање на Локалниот волонтерски сервис.

Значаен придонес кон унапредувањето на веќе воспоставениот систем за институционална поддршка на волонтерството е обезбедување на поддршка на работата Локален совет за волонтерство од општина Битола, а с   со цел да се работи на зголемување на бројот на младинско учество во локалната заедница преку волонтерството, како и на препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Стратегијата е подготвена следејќи ги принципите на партиципативната демократија. Клучните приоритети во неа се базирани на широко учество на повеќето засегнати страни: локалните власти, локалните институции, Локалниот совет за волонтерство, граѓанскиот сектор, бизнис секторот, образовниот сектор. Процесот на изработка на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола се одвиваше во неколку фази, во периодот ноември 2022 – март 2023.

Како прв методолошки чекор, беше направена Анализа на состојбата со волонтерството во општина Битола. Преку два анкетни прашалници, од кои едниот ги таргетираше младите луѓе од општина Битола, додека вториот како целна група ги опфаќаше претставниците на граѓански здруженија и претставници од јавни институции, беше доловена перцепцијата на волонтерството од различни целни групи. Добиените податоци беа обработени и заедно со искуството и увидот од членовите на Советот се првичен темел за поставувањето на основите на стратешкиот документ.

Вкупно 3 (три) работни состаноци беа распоредени во сите фази од изработката на документот. Работните групи беа составени од членовите на Локалниот совет за волонтерство Битола, советници во Совет на Општина Битола, претставници на граѓански организации и водени од експерт за волонтерски политики и менаџмент. Овој метод на работа беше клучен за поставување на специфичните цели, принципи и целни групи на Стратегијата, како и разработка на акцискиот план.

Воедно, два консултативни форуми, исто така беа реализирани во соработка со пошироката засегната јавност во Битола. На овие настани учествуваа претставници на Советот на Општина Битола, претставници од јавни институции, граѓански организации, млади и граѓани. На двата консултативни форуми беа претставени специфичните цели на стратегијата и заложбите во секоја од нив, принципите и целната група, како и предлогот за Акциски план. Во оваа фаза беа продискутирани планираните активности во

наредните 4 години. Забелешките и мислењата секако беа земени во предвид во изработката на стратешкиот документ. Врз основа на сите овие чекори, Стратегијата беше подготвена за доставување и усвојување пред Советот на општина Битола.

## 3.1. ОПШТИНА БИТОЛА – АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Во општина Битола, постои добра практика на волонтирање во одредени области, но како недостаток може да се издвои недоволното познавање на институционалните механизми за младинско учество во работата на локалната самоуправа во однос на волонтерството. За да се долови генералната перцепција за волонтерството, беше направена анализа на состојбата, преку дистрибуција на два анкетни прашалници. Имајќи предвид дека во овој случај за изработка на Стратегија за волонтерство станува збор за конкретна таргет група, природата на квантитативното истражување кое се спроведе претпостави користење на т.н. таргетиран примерок. Анкетирањето се спроведе за генерализација на собраните податоци. Едниот прашалник таргетираше млади луѓе од општина Битола, додека вториот како целна група ги опфаќаше претставниците на граѓански здруженија и претставници од јавни институции. Ова мини истражување даде првичен увид во состојбата со волонтерството, па според информациите кои беа обезбедени, добивме перцепција за оваа состојба во општина Битола од различни целни групи, ја дознавме потребата на општината од волонтерски активности, нивната форма, природа и сл. Анкетата се спроведе на анонимен начин во текот на месец ноември 2022 година. Истата беше достапна за сите заинтересирани, таргетирајќи ја општина Битола. Преку првиот прашалник[6] беа опфатени вкупно 60 испитаници – млади лица на возраст од 15 до 35 години. Преку вториот прашалник[7] беа опфатени вкупно 16 претставници на организации/институции. Мора да се напомене дека како ограничување се смета лимитираниот временски период во кој се спроведе анкетата.

## - РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Од анализата на личните и демографските податоци на младите испитаници произлегува дека испитаниците од женскиот пол изразиле поголем интерес за одговарање на прашањата од анкетата, најзаинтересирани биле оние млади на возраст од 15 до 19 години, и најголем број од испитаниците се со средно образование како нивен моментален

[6] Прашалникот за млади волонтери е достапен на следниот линк: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSdz3Pb7msN_d_vnP5qdh-jAVa069XHo0MeowSV_oxmDtwqMt6A/viewform
[7] Прашалникот за организации/институции е достапен на следниот линк: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSc1Uhx6m8fDRCKiHkMcd--bMfJ4f1BsQbwR_JapHXs5e5g6Mg/viewform

образовен статус. Мора да се напомене дека иако возраста на категоријата млади ја рефлектира општо прифатената дефиниција која е содржана во Националната стратегија на млади 2026 – 2025 година , при што терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години, сепак во РСМ возраста што ги одредува младите уште не е дефинирана со законски акт. Токму поради тоа, во анкетниот прашалник вклучивме и лица од 30 до 35 години, како и група над 35 години, се со цел да го претставиме и нивното волонтерско искуство и да имаме увид дали и тие лица над 29 години сепак имале волонтерско искуство и дали имаат мотив за волонтерски ангажман.

Ако ги земеме предвид генеричките прашања за обезбедување податоци, фреквентноста на застепеност на анкетираните лица во однос на тоа дали се претставници на организации или институции, може да констатираме дека повеќето од одговорите кои се добиени, т.е 62,5% се од луѓе кои работат во здруженија или фондации. 18,8% од пријавените кои одговориле на прашалникот се луѓе кои доаѓаат од образовни институции, а исто толку процентуално се и лица - претставници од јавни установи.

Резултатите од краткиот анкетен прашалник укажуваат на тоа дека волонтирањето е застапено како алатка за стекнување на практични знаења во општина Битола.

За младите од општина Битола навистина е многу важно да им се пружи можност за волонтирање. Според статистиките, може да се констатира дека 93,3% од испитаниците се спремни за волонтерски ангажман.

Од друга страна пак, мора да се потенцира дека и организациите и институциите се целосно отворени за соработка со младите и за нивно вклучување во развојот на заедницата преку волонтерски ангажман. Меѓутоа, она што е интересен податок е дека во моментот 50% од тие испитаници имаат волонтери во своите организации, односно институции, а 50% од нив с  уште немаат. Значи сепак постојат некои бариери кои треба да се идентификуваат, па така нивниот став поврзан со тоа дека сакаат да имаат волонтери и се отворени за волонтерски ангажман да се доведе во согласност со тоа дека нивните потреби се исполнети. Поврзано со ова, највисокиот моментален број на волонтери кои ги има една организација/институција е помеѓу 20 и 30, меѓутоа ангажирани само на конкретен настан или активност.

Младите пројавуваат најголема заинтересираност за волонтерски ангажмани во некое здружение или фондација, конкретно во полето на уметноста и културата. Исто така, би сакале да волонтираат и во некоја образовна институција. Тие не се доволно заинтересирани за волонтерство

[8] Националната стратегија на млади 2026–2025 година, Агенција за млади и спорт на РСМ
https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/04/naczionalna-strategija-za-mladi.pdf

во локалната самоуправа, јавна установа, судска власт или здравствена установа. Меѓутоа, интересен е трендот на ангажирање на млади на многу краток временски период, а загрижувачки е фактот дека скоро половина од анкетираната младина воопшто не била дел од некоја волонтерска акција. Ова значи дека е потребна поголема промоција на волонтерството и мотивирање на младите за вклучување, бидејќи процентуално според одговорите тоа е и најголемата причина за нивната неангажираност во некоја волонтерска активност.

Младите кои досега биле дел од волонтерски активности, волонтерството го перцепираат како алатка за:

- зголемување на мрежата на познанства со луѓе од различни генерации и професии;
- стекнување на организациски и комуникациски вештини, како и нови знаења;
- развивање на тимскиот дух;
- споделување на исти интереси со други луѓе;
- запознавање на нова перспектива од општествениот живот и придонес кон промени.

Со еден збор, оние млади кои досега имале можност да бидат дел од волонтерски активности со сигурност волонтерството ги има научено да бидат подобра верзија од себе си.

Согласно оваа перцепција на младите за волонтерството, претставниците на организации и институциите сметаат дека волонтерството им помага на младите во:

- стекнување на работни навики и самодоверба;
- подобрување на нивните професионални вештини;
- подобро пласирање на пазарот на трудот;
- учење и развивање на нови методи на работа.

Но, многу мал процент од нив сметаат дека волонтерството им овозможува на младите да се вклучат во решавање на проблеми во локалната заедница.

Од друга страна, организациите, т.е. институциите немаат предвидени средства за работно место за волонтер кој би преминал во вработен со полно работно време. Тие немаат можности за вработување на младите по завршувањето на волонтерскиот ангажман, па најчестото оправдување за тоа е токму финансиската бариера. Единствена можност за волонтерите, а која можат да ја понудат организациите, односно институциите е доделувањето на признание (сертификат) на крајот од волонтерскиот ангажман. Ова на некој начин е мотивација која го прави волонтирањето попривлечно за младите.

Клучно за подобрување на волонтерството во општина Битола според испитаниците е воспоставување на институционален механизам за

младинско учество во работата на локалната самоуправа во однос на волонтерството. Во насока на ова, мора да се потенцира фактот дека во општина Битола постои институционален механизам т.н. Локален совет за волонтерство кој функционира како консултативно тело на Советот на општината, составено од 9 члена кои се избрани по пат на јавен повик и номинација од институции и граѓански организации. Ова тело, преку својата советодавна работа влијае врз зголемување на младинското учество во локалната заедница, преку волонтерство и препознавање на волонтерскиот труд на локално ниво. Општина Битола е општина – првенец во имплементација на организирано и систематско делување, но очигледен е фактот дека е потребна поголема промоција на Локалниот совет за волонтерство, с со цел да биде препознаено од пошироката јавност како работно тело на Советот на Општина Битола, чија цел е признавање на волонтерската работа како неопходна за развојот на општеството, но и за личен и професионален развој на волонтерите.

Следна важна работа е промовирање на волонтерските практики и програми преку граѓанските организации. Воедно, исто значајно, и не помалку важно е и поддржувањето на волонтерските центри и сервиси и зголемувањето на самоиницијативноста и мотивираноста на младите за вклучување во волонтерски активности.

## 4. ЦЕЛНА ГРУПА И ОПФАТ

Анализата на релевантни чинители всушност претставува идентификација на **клучните и засегнатите страни** во процесот на планирање или промена, како и проценка на нивните интереси и на начинот на кој истите би влијаеле врз процесот на планирање. Тоа помага да се развие план и да се идентификуваат соодветните форми на учество на релевантни чинители.

Стратегијата ќе овозможи заеднички став и силна посветеност кон развој на волонтерството од страна на засегнатите страни:

| Одредување на клучните засегнати страни | Кој е нивниот интерес да се вклучат? | Какво е нивното влијание и придонесот кој би го дале? |
|---|---|---|
| Граѓански организации | Обезбедување и унапредување на човечките потенцијали | - обука на лицата волонтери;<br>- спроведување на волонтерски акции;<br>- комуникација помеѓу волонтерите и институциите;<br>- обезбедување финансиски средства. |
| Локалната самоуправа | Организатори на волонтерска работа | - одговорни за проведување на стратегијата;<br>- одговорни за доделување на финансиски средства. |

| | | |
|---|---|---|
| Локални институции | Зголемување на младинската доверба во институциите | - подобрување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на локалните институции;<br>- обезбедување на квалитетни услуги за своите корисници. |
| Министерството за труд и социјална политика (МТСП) | Носители на волонтерските политики | - уредување и донесување на законот за волонтерство;<br>- исполнување на начелата и целите. |
| Локален совет за волонтерство | Зголемување на бројот на млади во локалната заедница преку волонтерството | - градење и унапредување на постоечките иницијативи и практики од областа на волонтерството;<br>- препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво |
| Образовни институции | Развивање на поголема општествена свест за волонтерството | - воведување на волонтерски часови;<br>- мотивирање на младите за превземање на волонтерски акции; |
| Социјални претпријатија | Подобрување на квалитетот на живот на социјално ранливите категории на граѓани | - подобрување на квалитетот на испорачаните услуги за своите корисници; |
| Бизнис заедница | Градење на корпоративна култура на волонтирање | - отвореност за примање на волонтери надвор од делокругот на компанијата;<br>- градање на корпоративна култура на волонтирање;<br>- развивање на одредени клучни вештини на вработените;<br>- обезбедување на дополнителна работна сила за справување со предизвици. |
| Медиуми | Промоција на волонтерството | - овозможување на поголем медиумски простор за промоција на волонтерството;<br>- пошироко информирање на младите и граѓаните за можностите за волонтирање. |
| Волонтери | Корисници на волонтерски активности | - подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница;<br>- стекнување на искуство и зајакнување на компетенциите;<br>- развивање на своите капацитети и вештини. |

## 5. Временска рамка

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е четири години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2023 година до декември 2026 година. Во акцискиот план кој е дел од Стратегијата подетално е разработена временската рамка за спроведување на планираните активности.

## 6. Спроведување, следење и ревизија

Општина Битола во соработка Локалниот совет за волонтерство, и со граѓанскиот сектор, ќе го следи процесот на имплементација на Стратегијата, ефективноста и ефикасноста во спроведувањето, евалуацијата на напредокот во имплементацијата, како и можните потреби за прилагодување на локалните услови. За следењето на напредокот во имплементацијата на Стратегијата, Општината ќе изработи посебен план за мониторинг.

Општина Битола ја има примарната улога да врши периодично оценување  за напредокот во спроведувањето на Стратегијата, што ќе го поднесува до Советот на Општината во форма на мониторинг извештај.
По изминувањето на втората година од спроведувањето на Стратегијата, ќе биде изготвен Извештај за напредок, што ќе содржи анализа и оценка на двогодишното спроведување и остварување на стратешките заложби.

Оценката ќе биде формулирана во соработка со претставници од граѓанскиот сектор, органите на локалната самоуправа, ЛСВ, образовниот сектор и други релевантни чинители. Оценката ќе биде донесена врз основа на степенот на достигнување на поставените индикатори, реализација на активностите во предвидената временска рамка, улогата на различните релевантни чинители во реализацијата на предвидените активности, како и евентуалните измени и прилагодувања на Стратегијата и Акциониот план.
Деталните планирани активности, заедно со временската рамка за нивна реализација, индикаторите за мерење на напредокот во нивното спроведување, носителите на активностите, како и изворите на финансирање се образложени во Акцискиот план, како составен дел на Стратегијата.

## Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола (2023-2026)

| С.Ц 1: Промовирање на волонтерството во општина Битола | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Бр.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на Финансиски средства** |
| 1.1 | Реализирана кампања за промоција на волонтерството и вредностите на волонтерска-та работа | - Организирање на настани за промоција на волонтерството – волонтерски кампови и волонтерски викенди;<br><br>- Спроведување на кампања за промоција на волонтерството преку социјалните мрежи, локалните и национални медиуми. | ЛСВ<br>ГО<br>ЛС<br>Младински Совет | 2023-2026 | | Донатори |
| 1.2 | Достапни информации во врска со можностите за волонтирање на веб страната на општината | - Обезбедено софтверско решение коешто ќе биде внесено на веб страницата на општината и ќе претставува ресурс за информации во врска со волонтерските програми – понуда и побарувачка на волонтери;<br><br>- Назначување лице за ажурирање на информациите и дистрибуирање на добиените коментари до одговорните во ЛС. | ЛС<br>ЛСВ<br>ЛСВ<br>ЛС<br>ГО | 2023-2026 | - Број на објави на веб страната на општината со информации за волонтерски програми | Буџет на општината |
| 1.3 | Подигната јавна свест за придонесот на волонтерите во заедницата | Одбележување на Меѓународен ден на волонтерите – 5 Декември. | ЛСВ<br>ЛС<br>ГО | 2023-2026 | - Доделена награда на Меѓународниот ден на волонтерите | Донатори<br>Буџет на општината |
| 1.4 | Јавно оддавање на признанија на поединци, институции и фирми за придонес во волонтерството | - Изготвени критериуми за признанија за придонес во волонтерството;<br><br>- Организирање настан за доделување признанија за придонес во волонтерството. | ЛСВ<br>ЛС<br>ГО | 2023-2026 | Број на доделени признанија | Донатори<br>Буџет на општината |

| С.Ц 1: Промовирање на волонтерството во општина Битола | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Бр.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на Финансиски средства** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Воспоставени програми за едукација на волонтери и организатори на волонтерска работа | - Изработка на програми за едукација на волонтери и организатори на волонтерска работа;<br><br>- Спроведување на едукација за координатори на волонтерска работа согласно изработената програма;<br><br>- Организирање информативни сесии за презентирање на придобивките од Законот за волонтерство и Законот за практикантска работа. | ГО<br>ЛС<br>Црвен Крст | 2023-2026 | - Изработена програма за волонтери и организатори на волонтерска работа<br><br>- Број на спроведени едукативни програми<br><br>- Број на обучени волонтери и координатори<br><br>- Број на организирани информативни сесии и опфатени граѓани | Донатори |
| 2.2 | Обезбеден увид во состојбата со волонтерството во општина Битола и предложени мерки за негово унапредување | - Спроведување на истражување и анализи за волонтерството на локално ниво;<br>- Развиени препораки за понатамошно унапредување на волонтерството. | ГО | 2023-2026 | | Донатори |
| | Назначени координатори за развој на волонтерството во рамки на локалните и образовните институции | - Воспоставување на критериуми за избор на координатори;<br><br>- Селекција и избор на координатори. | ЛСВ<br>ЛС | 2023-2026 | - Број на локални координатори за развој на волонтерството | ЛВС<br>Буџет на општината |
| 2.4 | Зајакнато корпоративно волонтирање и општествена одговорност на локалните бизниси | - Информирање на локалните бизниси за можностите и вредностите на волонтирањето;<br><br>- Организирање волонтерски акции на бизнис заедницата. | ЛСВ<br>ЛС<br>Бизнис заедницата | 2023-2026 | - Број на бизниси вклучени во информативни сесии<br><br>- Број на организирани волонтерски акции и учесници | Донатори<br>Бизнис заедница<br>Буџет на општината |
| **С.Ц 3: Поддршка на волонтерството во образовниот систем** | | | | | | |
| **Р. Бр.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на Финансиски средства** |
| 3.1 | Обезбедена интеграција на волонтерството во образованието | - Организирање задолжителна Општествено Корисна Работа (ОКР) од 20 часа за секој ученик од VII до IX одделение, во основното образование и за секој ученик од I до IV година во средното образование; | МОН<br>Основни и средни училишта<br>ЛС<br>ГО | 2023-2026 | - Број на спроведени часови за ОКР<br><br>- Број на вклучени ученици и наставници | Донатори<br>МОН |
| 3.2 | Развиени механизми за препознавање и признавање на волонтерскиот ангажман на учениците | Доделување признанија/уверенија за волонтерскиот ангажман. | ЛСВ<br>Основни и средни училишта | 2023-2026 | - Број на доделени признанија | ЛСВ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3 | Спроведени волонтерски програми кои ги организираат граѓанските организации во соработка со училиштата и факултетите | - Формирање на волонтерски клубови во училиштата;<br><br>- Спроведување на креативни работилници преку волонтерски ангажман на родителите, пензионери, уметници и останати креативни работници;<br><br>- Креирање можности со одреден број часови на волонтерски ангажман, студентите да се ослободат од плаќање партиципација за испити. | ЛСВ<br>ГО<br>Основни, средни училишта и факултети | 2023-2026 | - Број на формирани волонтерски клубови во училиштата<br><br>- Број на спроведени креативни работилници<br><br>- Број на учесници на креативните работилници<br><br>- Број на вклучени студенти во волонтерски програми | Донатори<br>МОН<br>Универзитетот и факултетите во Битола |
| **С.Ц 4: Унапредување на системот за институционална поддршка на волонтерството** | | | | | | |
| **Р. Бр.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на Финансиски средства** |
| 4.1 | Достапни информации за видот, услугите, активните програми и мерки кои се дел од работата на Локалниот волонтерски совет за доближување на волонтерството до граѓаните | - Објавување на редовни информации за работата на ЛСВ на профилот на социјалните мрежи и веб страната на општината; | ЛСВ | 2023-2026 | - Број на објави и број на прегледи на објавените содржини | Донатори<br>ЛСВ |
| 4.2 | Зајакнати капацитети на членовите на ЛСВ од областа на волонтерски менаџмет | Организирање и спроведување обуки за членовите на ЛСВ. | ЛС<br>ГО | 2023-2026 | - Број на спроведени обуки од областа на волонтерски менаџмент<br><br>- Број на студиски посети за размена на искуства<br><br>- Број на обучени членови на ЛСВ | Донатори |
| 4.3 | Ревидиран Деловник за работа | - Ревидирање на програмата за работа;<br><br>- Мониторинг на имплементацијата на активностите од локалната стратегија за волонтерство | ЛСВ | 2023-2026 | - Број на одржани седници<br><br>- Усвојување на ревидиран деловодник за работа<br><br>- Усвојување на ревидирана програма за работа | ЛСВ |
| 4.4 | Воведување на пракса за одржување на волонтерски отворени денови или е-платформи | Организирање и спроведување на волонтерски отворени денови;<br><br>Воспоставување на е-платформа кадешто заинтересираните засегнати страни ќе може да споделуваат свои идеи и иницијативи за подобра локална заедница | ЛСВ | 2023-2026 | - Број на отворени волонтерски денови<br><br>- Број на заинтересира-ни граѓани<br><br>- Број на споделени идеи и иницијативи за подобра локална заедница | ЛСВ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5 | Обезбедени финансиски и технички ресурси функционирање на Локалниот волонтерски совет | - Подготовка на анализа за потребните финансиски и технички ресурси | ЛСВ | 2023-2026 | Сума на доделени средства | Донатори Буџет на општината |
| 4.6 | Поднесена кандидатура на Битола за европска престолнина на волонтерството | - Преглед на потребната документација за поднесување кандидатура;<br><br>- Работа на комплетирање на апликацијата за кандидатура | ЛСВ | 2023-2026 | - Поднесена кандидатура | ЛСВ |